РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-137/5**
**Скопје,25.12.2024 година.**

Записник од дванаесетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 25.12.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-дин Ардиан Демири член
г-ѓа Светлана Стојковиќ член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-ѓа Зорица Павловиќ член
г-ѓа Кети Петкова член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на дванаесетата седница на Советот.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори дванаесетата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

**Дневен ред**

1. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Берово,
2. Донесување на одлука за формирање на пописни комисии,
3. Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека во ОЈО Берово согласно систематизацијата за бројот на јавни обвинители предвидени се тројца јавни обвинители, а во момонтот нема ниту еден поради изборот на јавниот обвинител Златко Биковски за јавен обвинител во ЈОРСМ. Од тие причини смета дека Советот треба да донесе одука за објавување на

оглас за избор на јавен обвинител во ова основно јавно обвинителство по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Членот на Советот г-дин Ермон Незири кажа дека моментално има јавен обвинител кој што е во ОЈО Делчево, а живее во Берово и смета дека истиот би се пријавил на огласот за ОЈО Берово. Истакна дека и во моментот јавниот обвинител има овластување добиено од страна на Јавниот обвинител на РСМ за да ги покрива двете основни обвоинителства. Воедно даде подршка за објавување на оглас, а има и сознанија дека некои од кандидатите кои ја завршуваат АСЈО се од Делчево и дека кога ќе се објави оглас за ова јавно обвинителство истите ќе се јават на огласот.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска предлогот за донесување на одлука за објавување на оглас за ибор на јавен обвинител во ОЈО Берово го стави на гласање. Истиот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за објавување на оглас за ибор на јавен обвинител во ОЈО Берово.**

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека со оглед што е крај на годината, Советот треба да формира пописни комисии и за таа цел Советот треба да донесе одлука и решение за формирање на пописни комисии и тоа Комисија за попис на постојани средства на залиха на материјали, резервни делови, ситен инвентар и амбалажа како и Комисија за попис на на парични средтсва и хартии од вредност на побарување и обврски при Советот на јавните обвинители на РСМ. Воедно даде предлог за членови на Комисиите од страна на вработените административни службеници во Советот. Комисија за попис на постојани средства на залиха на материјали, резервни делови, ситен инвентар и амбалажа при Советот бидат : Претседател Тања Лазарова, заменик претседател Аспарух Мисајловски, член Шабидин Бејтулахи, член Билјана Версамовска, замчлен Нада Филиповска, зам.член Ајше Селими. Комисија за попис на на парични средтсва и хартии од вредност на побарување и обврски при Советот на јавните обвинители на РСМ, Претседател Тања Лазарова, заменик претседател Аспарух Мисајловски, член Шабидин Бејтулахи, член Билјана Версамовска, зам.член Нада Филиповска, зам.член Ајше Селими.

Од страна на членовите на Советот предлогот на претседсателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска едногласно бешце усвоен.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука и решение за формирање на Комисија за попис на постојани средства на залиха на материјали, резервни делови, ситен инвентар и амбалажа во состав Претседател Тања Лазарова, заменик претседател Аспарух Мисајловски, член Шабидин Бејтулахи, член Билјана Версамовска, зам.член Нада Филиповска, зам.член Ајше Селими.**

**Комисија за попис на на парични средтсва и хартии од вредност на побарување и обврски при Советот на јавните обвинители на РСМ, во состав Претседател Тања Лазарова, заменик претседател Аспарух Мисајловски, член Шабидин Бејтулахи, член Билјана Версамовска, зам.член Нада Филиповска, зам.член Ајше Селими.**

Под точка разно никој не зема збор по што Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи дванаесетата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**